# Република Северна Македонија
## Државен инспекторат за земјоделство

Архивски број: 04-637/5
Датум: 08.07.2024 година

**Записник**

**За спроведениот практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор**

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор ( "СЛ.весник на РСМ" бр.102/19) и Правилникот за начинот на спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор( "СЛ.весник на РСМ" бр.238/19), на ден 08.07.2024 година, со почеток во 10.00 часот, во службените простории на Државниот инспекторат за земјоделство, пред Комисија за полагање на практичен дел од испит за стекнување со лиценца за инспектор, формирана од в.д. Директор на Државниот инспекторат за земјоделство со арх.бр.04-637/4 од 05.07.2024 година, се спроведе практичен дел од испитот за стекнување на лиценца за инспектор.

Комисија во состав:
1. Лоренс Панзов – Виш инспектор, ментор на кандидатот,
2. Маја Петрушева – Советник инспектор ,
3. Анета Ламбевска – Советник инспектор,
4. Меџит Јусуфи – Претставник од Инспекциски Совет.

Кандидатот за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор **Надица Стојановска**, на работно место Државен фитосанитарен инспектор за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика во внатрешноста на дражавата во Република Северна Македонија, Одделение за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика во внатрешноста на државата, Сектор за инспекциски надор од областа на фитосанитарната политика во Државниот инспекторат за земјоделство со звање Помлад инспектор.
Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот на спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор( "СЛ.весник на РСМ" бр.238/19), при што кандидатот за инспектор Надица Стојановска, изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекцискиот надзор со изготвување на акти, затворање и документирање на инспекцискиот надзор.


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија
Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18 (Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија
+389 (02) 3121 462
www.diz.gov.mk

# Република Северна Македонија
## Државен инспекторат за земјоделство

Презентацијата на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот за инспектор Надица Стојановска за ниво В4 – Помлад инспектор, ги утврди освоените бодови и тоа:

- Планирање и подготовка на инспекциски надзор – 15 бодови,
- Спроведување на инспекциски надзор – 30 бодови,
- Затворање на инспекциски надзор – 30 бодови и
- Документирање на инспекциски надзор – 15 бодови.

Комисијата констатира дека кандидатот за инспектор Надица Стојановска за ниво В4 – Помлад инспектор, освои вкупно 90 бодови и со тоа успешно го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Полагањето на практичниот дел од испитот се реализираше во време:
Почеток во 10.00 часот на ден 08.07.2024 година,
Завршување во 14.00 на ден 08.07.2024 година.

Комисија за полагање на практичен дел од испитот.

Лоренс Панзов________________
Маја Петрушева ________________
Анета Ламбевска ________________
Меџит Јусуфи ________________

Изработил: С.Д.


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија
Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18 (Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија
+389 (02) 3121 462
www.diz.gov.mk